Асоцијација за згрижувње и вдомување на бездомни животни
“БЕЗДОМНИ ЖИВОТНИ БЕЗ ГРАНИЦИ” Скопје
ул. Иван Манелов 87а, 1000 Скопје • email: strayswithoutborders@gmail.com
• тел: 071 646 420 / 077 867 846

Скопје
02.04.2022 година

**До:**
Собрание на Република Македонија;
Комисија за земјоделство, шумарство и водостопанство
Координатори на пратенички групи;
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Агенција за храна и ветеринарство;
Влада на Република Македонија

**ПРЕДМЕТ:** Коментари, предлог измени и дополнувања на Законот за заштита и благосостојба на животните

Почитувани,

Во врска со Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и благосостојба на животните објавен на Единствениот национален електронски регистар на прописи на Република Северна Македонија (ЕНЕР) на ден 9.3.2022 година, Асоцијацијата за згрижување и вдомување на бездомни животни “Бездомни животни без граници” Скопје, како здружение чија основна цел е заштита и унапредување на правата на животните во Република Северна Македонија, Ви доставуваме забелешки и предлози за изменување на текстот на конкретни одредби од објавениот нацрт - закон со образложение за истите. Дополнително доставуваме предлози кои сметаме дека недостасуваат во законот кој е на сила, а не се опфатени со објавениот нацрт-закон.

***Генерални забелешки:***

Законот треба да биде концизно и недвосмислено формулиран и да не остава простор за произволно толкување. Законот треба да е јасен за секој граѓанин. Во контекст на ова, треба да се воведат повеќе прецизни дефиниции и да се исфрлат одредбите кои поради недореченост би го отежнале доследното спроведување на законот. Дополнително, една од поголемите забелешки се однесува за предложените глоби. Целта на глобите е да се обесхрабри незаконското работење, затоа нивната вредност треба да е поголема барем 2

до 3 пати од вредноста која може да се оствари преку незаконското работење. Депопулација не смее да се воведува како механизам за справување со било каква ситуација која не го загрозува здравјето на човекот. Еутаназијата, како мерка за контрола на популацијата на бездомните животни, треба целосно да се исфрли, имајќи ги предвид досегашните искуства. Треба да се охрабри доследното спроведување на програмата залови-стерилизирај-вакцинирај-врати, како единствена хумана програма со докажан успех во насока на контрола на популацијата на бездомни животни. Да се зголеми и дефинира форматат на соработката на Агенцијата за храна и ветеринарство и надлежните органи со здруженијата за заштита на животните, а во корист на доследното спроведување на овој закон.

## Конкретни забелешки за нацрт - законот за изменување и дополнување на Законот за заштите и благосостојба на животните:

**<u>Одгледувачници</u>**

*Предлог*

Во членот 3 став (2) точката 47 се менува и гласи:

„47**.** „Одгледувачница“ е објект во кој се сместени едно или повеќе репродуктивно способни миленици, а се наменети за расплод.“

*Образложение*

Во Република Северна Македонија покрај животните од видот куче, како миленици се чуваат и други животни како мачка, зајак, хрчак и други. Законот треба да ги опфати сите животни кои се чуваат како домашни миленици и сите правни и физички лица кои ги одгледуваат. Дополнително, за да се одгледуваат животни доволно е да се има само една репродуктивно способна единка и истата да се користи за расплод, преку оплодување од/на животно од исти вид во сопственост на друго лице и кое трајно престојува на друга локација.

**<u>Регистриран одгледувач на домашни миленици</u>**

*Предлог*

Во членот 3, став (2), се додава точка 48. Истата се менува и гласи:

„48. „Регистриран одгледувач на домашни миленици“ е физичко или правно лице кое држи една репродуктивно способна женка од видот куче или мачка и/или еден или повеќе репродуктивно способни мажјаци од видот куче или мачка.“

*Образложение*

„Регистриран сопственик на куче“, како што е наведено во нацрт - законот за изменување и дополнување на Законот за заштита и благосостојба на животните да се преименува во „регистриран одгледувач на домашни миленици“. Регистриран сопственик на куче е секој граѓанин чијшто домашен миленик - куче е чипирано согласно Законот за идентификација и регистрација на животните и податоците за сопственииштво се соодветно внесени во ИСАХВ системот. Регистрираниот сопственик на куче односно домашен миленик, не е нужно и одгледувач, а дефиницијата во предложениот член не ја прави јасна оваа дистинкција.

*Предлог*

Во членот 26 дополнително да се дефинира:

- Временска рамка за идентификација и стерилизирација на вдомено бездомно куче, земајќи ја предвид здравствената состојба на кучето;
- Возраст до која смее да се чува репродуктивно способно куче без да се стерилизира и да се регистрира сопственикот како одгледувач.

*Образложение*

Законот треба да дефинира мининален временски период во кој животното (куче/мачка) ќе може целосно да се развие пред да биде подложено на стерилизација, како и да ја има во предвид здравствената состојба на животното. Немањето на ваква одредба во моментот остава простор за прерана стерилизација на животни, што последователно може да се одрази на нивната здравствена состојба, раст и развој.
Дефинирањето на временската рамка за стерилизација на вдомени бездомни животни е од исклучителна важност, имајќи предвид дека животните се често болни откако ќе се вдомат од улица и потребен е извесен период додека да закрепнат и бидат во соодветна здравствена состојба за стерилизација.

*Предлог*

Во членот 26 ставот (5) се менува и гласи:

„Сопствениците кои држат репродуктивно способно животно од видот куче и мачка треба да го стерилизираат, освен во случај кога се регистрирани како одгледувачи на домашни миленици. Одгледувачи на домашни миленици, при секој расплод на животните должни се да го пријават потомството од своите животни во овластена ветеринарна амбуланта, клиника или болница, најдоцна 7 дена откако ќе се родат. Одгледувачите на домашни миленици се должни секое потомство да го идентификуваат и регистрираат согласно Законот за идентификација и регистрација

на животните пред да ги предадат на друг сопственик, а најдоцна до два месеци возраст на младенчињата.

Префрлање сопственоста на домашен миленик од едно лице, на друго лице мора да е во согласност со Законот за идентификација и регистрација на животните, односно новиот сопственик на животното мора да е соодветно регистриран и идентификуван како таков.

Трошоците за овие постапки се на товар на сопствениците на домашните миленичиња и одгледувачите."

*Образложение*

Стерилизацијата на мачките е подеднакво важна како и на кучињата.
Воспоставување на контрола на популацијата на бездомни мачки има повеќе аспекти здравствен, комунален, еколошки, етички. Мачките претставуваат ризик за јавно здравје за луѓето (преку пренесување зоонозни заболувања, на пр. беснило, токсоплазмоза) и допринесуваат кон намалување на хигиената во урбаните средини преку разнесување на храна од контејнери.

Терминот „легло" е недефиниран во законот и потребно е прецизно да се дефинира во член 3, став (2) од Законот за заштита и благосостојба на животните.

Терминот „одгледувачи" се вметнува согласно со предложените дефиниции.

Старосната граница за регистрација е важна бидејќи над таа возраст младенчињата веќе можат самостојно да се исхрануваат, па одгледувачите на животни сметаат дека можат веќе да ги продаваат. Дополнително, ова е и најчестата возраст кога несаканите потомства се исфрлаат на улица.

Пријавувањето на новото потомство во најкраток временски рок е важно за да се води евиденција за бројот на животни кои потоа треба да се идентификуваат и да се избегне исфрлање на несакани потомства на улица.

*Предлог*

Ставот (6) се менува и гласи:

„Одгледувачите на домашни миленици и одгледувачниците треба да бидат регистрирани и да водат евиденција. Евиденцијата треба да ја чуваат најмалку три години и истата треба да биде достапна на увид на барање на Агенцијата. "

*Образложение*

„Регистриран сопственик на куче" е заменет со новата предлог дефиниција „регистриран одгледувач на домашни миленици".

*Предлог*

Член 26, ставот (9)  станува став (11), кој се менува и гласи:

„(11) Одгледувачите, одгледувачниците, пансионите и продавниците на домашни миленици се регистрираат во регистер на одгледувачи, одгледувачници, пансиони и продавници за домашни миленици кој го води Агенцијата, врз основа на поднесено барање.“

*Образложение*

Регистриран сопственик е заменет со новата предлог дефиниција регистриран одгледувач, и додаден е пансионот во регистарот.

*Предлог*

Член 28, став (10) се менува и гласи:

„(10) Спроведувањето на активностите утврдени во годишниот план од ставот (9) на овој член Агенцијата ќе го врши во соработка со здруженијата за заштита и благосостојба на животните, а преку претходно и навремено нивно информирање преку официјални канали за комуникација.“

*Образложение*

Со измената се утврдува обврската за претходно и навремено известување на здруженијата за заштита и благосостојба на животните и се дефинира начинот преку кој ќе се спроведе оваа комуникација.

**<u>Пансиони</u>**

*Предлог*

51. “**Привремено чување на домашен миленик”** е чување на домашен миленик од страна на физичко или правно лице кое не е негов сопственик, со одобрение од сопственикот, на определено време.

*Образложение*

Временото чување подразбира целосна грижа за животното, не само негово сместување. Тоа опфаќа хранење, носење по потреба на ветеринар, одржување хигиена на местото на живеење на миленикот и останати активности.

*Предлог*

50. **“Објект за привремено чување на домашни миленици - пансион”** е објект во кој што животните се чуваат од страна на физичко или правно лице кое не е негов сопственик, со одобрение од сопственикот, на определено време, за финансиска надомест.

*Образложение*

Дефиницијата за пансион треба да е изведена од дефиницијата за привремено чување на домашен миленик.

*Предлог*

Член 26, став (11) се менува и гласи:

„(11) Регистрираните одгледувачи на домашни миленици, одгледувачниците, пансионите и продавниците на домашни миленици се регистрираат во регистер на регистрирани одгледувачи на домашни миленици, одгледувачници и продавници за домашни миленици кој го води Агенцијата, врз основа на поднесено барање.“

*Образложение*

„Регистриран сопственик на куче“ се заменува со „регистриран одгледувач на домашни животни“.

**<u>Продавници за животни</u>**

*Предлог*

Да се додаде дефиниција за продавница на домашен миленик во член 3, став (2) од Законот за заштита и благосостојба на животните.

*Образложение*

Во законот не постои јасна дефиниција што се подразбира под продавница за домашни миленици.

**<u>Надлежни органи и нивни улоги</u>**

*Предлог*

**Да НЕ се додаваат ставовите:**

Во членот 26, по ставот (12) се додаваат два нови става (13) и (14), кои гласат:

„(13) Држењето на домашните миленици од страна на регистрираните сопственици на куче, пансионите и одгледувачниците се врши под услови и на начин утврден во Одлуката за комунален ред донесена од Советот на општината врз основа на Законот за комунални дејности и Законот за локална самоуправа.

(14) Регистрираните сопственици на куче, пансионите и одгледувачниците за да бидат регистрирани треба да ги исполнуваат условите за држење на домашни миленици наведени во одлуката за комунален ред на надлежната општина."

Истите да се заменат со нови ставови во кои законски ќе се регулираат и унифицираат условите во одгледувачниците и пансионите слично како кај прифатилиштата. Притоа да се земе во предвид дали животните се чуваат во надворешни услови или домашни.

*Образложение*

Услови во кои што се чуваат животни и начин на кој што ќе се чуваат мораат да бидат регулирани со законски и подзаконски акти, а не со одлуки за комунален ред. Слично како и за прифатилиштата, овие услови мора да се стандардизирани и истите да важат на територија на целата држава. Предлагаме донесување на правилник со кој ќе бидат уредени условите кои еден пансион или одгледувачница мора да ги исполнува и врз основ на кој Агенцијата за храна и ветеринарство ќе може да врши инспекциски надзор и да ја утврди нивната исполнетост.

**<u>Одобрение на превозници</u>**

*Предлог*

Во членот 42 во ставот (1) точката 1) се менува и гласи:

„1) се регистрирани во Република Северна Македонија, или во случај на превозници од друга држава, доколку превозникот е регистриран во земја членка на ЕУ и поседува валиден серитифкат односно одобрение за вршење на транспорт на животни издадено од надлежните органи во матичната земја. Доколку станува збор за превозници од трети земји, потребно е да имаат свое претставништво во Република Северна Македонија или се физички лица државјани на Република Северна Македонија;"

*Образложение*

Предлагаме Агенцијата за храна и ветеринарство да ги уважи сертификатите односно одобренијата за транспорт на превозниците кои се регистирани во земји членки на ЕУ и поседуваат соодветна дозвола односно одобрение за вршење на транспорт на животни издадени од надлежните органи во матичната земја.

**<u>Глоби</u>**

*Предлог*

Глобите треба да се пресметуваат по животно и да се најмалку со два пати поголема вредност од просечната продажна цена на домашнен миленик, наспроти цените предложени во нацрт-законот:

“Во членот 64 ставот (1) се менува и гласи:

(1) Глоба во износ од  евра во денарска противвредност за микро трговци, од  150 до 250 евра во денарска противвредност за мали трговци, од 250 до 350 евра во денарска противвредност за средни трговци, од  350 до 450 евра во денарска противвредност за големи трговци, ќе му се изрече за прекршок на правно лице ако:“

*Образложение*

Целта на глобите е да се обесхрабри незаконското работење, затоа нивната вредност треба да е поголема барем 2 до 3 пати од вредноста која може да се оствари преку незаконското работење.

Дополнително мора да потенцираме дека за државата мора да преземе преодни мерки со цел да помогне на финансискиски немоќните сопственици на животни да ги стерилизираат истите, преку субвенционирани или бесплатни стерилизации. Во спротивно постои ризик од зголемено напуштање на миленици во периодот кој следи, што ќе стане поголем проблем за општините.

*Предлог*

Глобите треба да се пресметуваат по животно и да се најмалку со два пати поголема вредност од просечната продажна цена на домашнен миленик.

Ставот (2) се менува и гласи:
“(2) Глоба во износ од  20 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице - микро трговци, од 30 евра во денарска противвредност  и на одговорното лице во правното лице - мали трговци, од 40 евра во денарска противвредност и на одговорното лице во правното лице – средни

трговци, од 50 евра во денарска противвредност и на одговорното лице во правното лице - големи трговци, за прекршокот од ставот (1) на овој член”.

Ставот (3) се менува и гласи:
“(3) Глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице за прекршок од ставот (1) на овој член”.

*Образложение*

Глобата за неидентификување и регистрација на миленици кај правно лице треба да е повисока како и глобата за физичко лице, со цел да се спречи исфрлање на неидентификувани потомства од миленици или нивно неконтролирано раздавање.

## Депопулација

*Предлог*

**НЕ се додаваат зборовите „ , или депопулација на одгледувалиштето со цел економско искористување“:**

Во членот 67 Во ставот (4) после зборовите „одземање на животните“ се додаваат зборовите „ , или депопулација на одгледувалиштето со цел економско искористување“.

*Образложение*

**Депопулација** е најнехуман начин на справување на затекната состојба во која што животните се само жртви за институционално неработење и неспроведување на редовна контрола и превенција на критични ситуации кои можат да се решат со одземање и згрижување на животните. **Обезбедување на благосостојба и заштита на животните треба да е примарна цел на овој закон, а не економска корист. Институциите потребно е да работат во насока на унапредување на нивната работа, а не да нудат законска можност убивање на животни да е брзо решение за нивното ненавремено постапување.**

## Предлог измени и дополнувања на постоечкиот Закон за заштита и благосостојба на животните

**<u>Еутаназија</u>**

*Предлог*

Во членот 4 да се додаде следниот став:
„Се забранува еутаназија на здрави бездомни животни, животни кои се излечиво болни и животни за кои постои интерес да бидат вдомени од страна на поединци или здруженијата за заштита на животните.“

Во член 28 во ставот 3 **СЕ БРИШЕ** реченицата:
„По исклучок, општината, општините во градот Скопје, односно градот Скопје може да применат и други пропишани методи за контрола на популацијата на бездомните кучиња.“ Во став 9 се бришат зборовите „други методи за контрола на популацијата на бездомните кучиња“.

Во членот 29, ставот 7 се дополнува со реченицата:
Ниту едно прифатилиште не смее да еутаназира бездомно животно доколку физичко лице или здружение за заштита и благосостојба на животните, регистрирано според Законот за здруженија и фондации, изјави дека сака да го преземе, по потреба да го лекува, да помага во ресоцијализација на агресивните животни и да го вдоми животното.

*Образложение*

Забраната за еутаназија произлегува од несовесното и прекумерното користење на еутаназијата како механизам за справување со бездомната популација животни од страна на операторите/давателите на услугите за заловување и третирање на бездомни животни во општините надвор од градот Скопје. Забраната за користењето на еутаназијата во насока на контрола на популацијата на бездомните животни е повеќе од неопходна со оглед на тоа што е редовна пракса во Р.С.Македонија и досега не дала долгорочен резултат. Од досегашните извештаи добиени од општините во Република Северна .Македонија, може да се утврди дека масовната еутаназија, како механизам за контрола на популацијата на бездомните животни, сè уште предничи во однос на програмата „залови-стерилизирај-вакцинирај-врати“ во општините надвор од градот Скопје, а по основ дека станува збор за „тешко болни“ и „изнемоштени“ животни. Дополнително, проблематично е што слободата на одлучување за спроведувањето на оваа постапка ја имаат лицата кои се даватели на овој тип на услуги и не постои никаков механизам за надворешна контрола за тоа дали еутаназијата била оправдана.

**<u>Копитари</u>**

*Предлог*

- Да се воведат одредби со кои ќе се забрани чување и користење на копитари во урбана средина;
- Да се воведат одредби со кои ќе се забрани користење на копитари за влечење на запрежни коли, за извлекување дрва, за нелегални натпревари и трки.

*Образложение*

Копитарите се моментално се најизмачуваните животни во Република Северна Македонија. Тие се злоставувани, принудени да влечат запрежни коли и товар од неколку тони на најниските и највисоките температури, се искористувани до колабирање и многу често смрт. Најчесто немаат засолниште, се чуваат и размножуваат нелегално и во услови кои се крајно нехумани и нивната благосостојба е загрозена. Апелираме преку дополнувања на Законот за заштита и благосостојба на животните, законски да им се обезбеди максимална заштита.

Дополнително, со забрана на употреба на коњи во урбани средини, се зголемува и безбедноста во сообраќајот.

**<u>Трговија и поседување на диви животни</u>**

*Предлог*

1. Чување и репродукција на диви и егзотични животни може да се врши само со одобрено решение за чување на диви и егзотични животни, издадено со согласност на министерот надлежен за министерството за животна средина и просторно планирање.

2. Физичко лице не смее да чува диви животни во заробеништво, освен во случај на краткотраен престој за пружање потребна нега, доколку нема обезбеден простор во зоолошка градина или прифатилиште за диви животни.

*Образложение*

Чувањето на диви и егзотични животни потребно е законски да се регулира и забрани од причини што во земјата нема доволно згрижувачки капацитети, соодветен ветеринарен кадар и истите изискуваат посебни услови чување.

## **Зоолошки градини**

*Предлог*

- Зоолошките градини се должни да обезбедат:
  - а) простории за изолација на животни, односно карантин;
  - б) заштита на животните од посетителите;
- Услови и живеалишта за животните по стандарди одобрени од ЕАЗА (Европска асоцијација на зоолошки градини и аквариуми);
- Зоолошките градини мора да имаат план за згрижување на животните во случај на елементарни непогоди или други можни причини за престанок на работата;
- Зоолошките градини не смее да убиваат и повредуват животни за економско искористување;
- Тргување или размена со диви животни може да се врши исклучиво меѓу зоолошки градини и прифатилишта за диви животни, со претходна согласност од страна на Министерот за животна средина.

*Образложение*

Условите во речиси сите Зоолошки градини во Р.С.Македонија се крајно нехумани и неесодветни, а во повеќето се чуваат и бездомни животни. Уловите не се ни приближно налик на нивната природна средина и потребно е да се усвојат и имплементираат стандардите за ваков тип на установи/објекти одобрени од страна на ЕАЗА.

Зоолошките градини треба законски да се обврзат да имаат план за згрижување на животните во елементарни непогоди имајќи превид дека не постои можност за нивно слободно пуштање или згрижување во импровизирани услови.

Дополнително, потребно е законска забрана за депопулација на животните за економско искористување, бидејќи блоагосостојбата и нивната заштита е примарна цел на овој закон.

*Предлог*

Можност да го спроведува законот и да казнува покрај Агенција за храна и ветеринарство, да има и посебниот сектор за животни во МВР, како и инспектори и комунални редари од Комунална полиција од денот на нејзиното основање во рамките на секоја локална самоуправа.

*Образложение*

Целта на овој предлог е да се олесни спроведувањето на законот и да се зачести контролата, како и да се откријат и санкционираат незаконските активности опфатени со овој закон. Во Р.С.Македонија има докази за континуирано незаконско работење на општински прифатилишта во субстандардни услови, има изречени незначително малку казни за неодговорно сопственииштво, Агенцијата за храна и ветеринарство нема капацитети да врши редовна контрола за која е задолжена и следствено проблемите поврзани со сите животни не се ставени под контрола.

*Предлог*

Законско овластување на здруженијата за заштита на животни за спроведување одредени одредби на законот, вршење надзор, проверка на одговорното сопственииштво, т.е. измени од кои би произлегла можноста за наменски овластена служба за заштита на животните формирана од претставници на здруженијата за заштита на животни.

*Образложение*

Здруженијата и активистите како правни и физики лица се лицата кои во моментов одржуваат некаква контрола во одредени делови од земјата преку акции за стерилизации и вдомувања на бездомни животни. Истите секогаш ја ставаат благосостојбата на животните на прво место и промовираат одговорно сопственииштво. По пријавите за неодговорно сопственииштво Агенција за храна и ветеринарство ретко кога постапува, а и во тие случаи се изрекува само опомена без да се проследи состојбата после опомената. Следствено неодговорните сопственици поминуваат неказнето и или не ги исполнуваат своите обврски како сопственик и понатака или ги напуштаат милениците. Со овој предлог се зголемуваат можностите за воспоставување поголема контрола и санкционирање на лицата кои незаконски се однесуваат кон милениците.

Со почит,
Здружение
БЕЗДОМНИ ЖИВОТНИ БЕЗ ГРАНИЦИ
Скопје